Australian Government
Department of Health, Disability and Ageing

National Immunisation Program
A joint Australian, State and Territory Government Initiative

Macedonian

# БИДЕТЕ ДОБРО, БИДЕТЕ ЗДРАВИ. ПОДГОТВЕТЕ СЕ ЗА ЗИМАТА ЗА МОМЕНТИТЕ ШТО СЕ ВАЖНИ

## Редовното вакцинирање ви помага да останете здрави во текот на зимата, за да можете да се чувствувате добро и да уживате во моментите што се важни.

Лицата на возраст од 65 години и постари се изложени на поголем ризик од тешки заболувања од респираторни вируси како што се инфлуенца, COVID-19 и респираторен синцицијален вирус (RSV). Како што старееме, нашиот имунолошки систем се менува, со што се зголемува ризикот од сериозни болести и хоспитализација.

Вирусите на инфлуенца (грип) и COVID-19 продолжуваат да се менуваат со текот на времето, а RSV исто така може да предизвика сериозна респираторна болест кај постарите возрасни лица.

Сите вакцини достапни во Австралија се детално тестирани за да се осигура дека се безбедни и дека дејствуваат добро. Вакцинацијата е најдобриот начин да го намалите вашиот ризик од тешка болест оваа зима.

### За инфлуенцата (грипот)

Инфлуенцата е заразна вирусна инфекција која е посериозна од обичната настинка. Како резултат на тоа, лицата заразени со инфлуенца може сериозно да се разболат, а тоа да доведе до хоспитализација. Лицата со веќе постоечки здравствени состојби се особено подложни и кај нив постои поголем ризик.

Бидејќи вирусите на инфлуенца се менуваат секоја година, се препорачува годишна вакцинација. Најдобро е вакцината против грип да се прими пред почетокот на зимската сезона.

Вакцинацијата против инфлуенца е бесплатна во рамките на Националната програма за имунизација (National Immunisation Program) за лицата на возраст од 65 години и постари, кои имаат или исполнуваат услови за Medicare картичка.

### За COVID-19

COVID-19 е високо заразна респираторна болест која се шири преку воздухот кога заразеното лице дише, зборува, кашла или кива.

Редовната вакцинација против COVID-19 е најдобриот начин да ја одржите вашата заштита од тешки заболувања, хоспитализација и смрт. Таа е особено важна за постарите возрасни лица.

- На лицата на возраст од 65 до 74 години им се препорачува да примаат бесплатна вакцина против COVID-19 на секои 12 месеци.
- На лицата на возраст од 75 години и постари им се препорачува бесплатна доза на секои шест месеци.

Вакцините против COVID-19 се обезбедени бесплатно од австралиската влада, без оглед дали имате Medicare или каква виза поседувате.

## За RSV

RSV е чест заразен вирус кој ги инфицира дишните патишта и белите дробови. Тој се пренесува преку капки кога заразеното лице зборува, кашла или кива. RSV може да биде многу сериозен за постарите лица.

Во моментов се препорачува една доза од вакцината против RSV. Врз основа на тековните докази, се очекува заштитата да трае најмалку две години.

Од 15 мај 2026 година, доколку имате 75 години или сте постари и имате или ги исполнувате условите за Medicare картичка, можете да примите бесплатна вакцина против RSV во рамките на Националната програма за имунизација. Вакцинацијата помага да се заштитите во текот на поладните месеци, кога се појавуваат најголем број случаи на RSV.

## Каде да ги примите вашите зимски вакцини

Вакцинацијата е лесно достапна во вашата локална средина. Може да ве вакцинира вашиот лекар или аптекар. Многу аптеки нудат погодни опции за закажување термин или вакцинирање без претходна најава (walk-in). Доколку престојувате во установа за нега на постари лица, вашиот давател на услуги за нега на постари лица, исто така ќе ви помогне да се вакцинирате.

Разговарајте со вашиот лекар или аптекар ако имате какви било прашања за тоа кои вакцини се препорачуваат за вас и каде можете да ги примите.

## Кога е најдобро време за вакцинирање

Во Австралија, зимските вируси се најинтезивни помеѓу јуни и септември. За најдобра заштита, вакцинирајте се почнувајќи од март или април.

Вакцините против инфлуенца, COVID-19 и RSV можете да ги примите на истиот закажан термин или при посебни посети.

## Разговарајте со вашиот здравствен работник и закажете ја вашата вакцинација уште денес

Давателите на услуги за вакцинација вклучуваат:

- Матични лекари (GPs) и клиники за општа пракса
- Аптеки кои учествуваат во програмата
- Општински клиники за имунизација (достапни во некои држави и територии)
- Здравствени центри во заедницата
- Даватели на услуги за вакцинација во старски домови (за лица кои престојуваат во тие домови).

Ако англискиот не ви е мајчин јазик, можете да побарате преведувач кога разговарате со здравствен работник. Исто така, може да ве придружува член на семејството, пријател или негувател заради поддршка.

За повеќе информации, посетете ја веб-страницата **health.gov.au/winter-vaccinations/translated-resources**